**А.Д. РАДЕ КОНЧАР – АПАРАТНА ТЕХНИКА**
Акционерско друштво за проектирање и производство на електрични производи и опрема
Скопје – Македонија

**Т.6**

**СОБРАНИЕ НА АД**

ПРЕДЛОГ

Врз основа на чл. 490 од Законот за трговски друштва како и чл. 60 а во врска со чл. 80 став 6 ал.6 од Статутот на Акционерското друштво Раде Кончар – Апаратна Техника – Скопје, како и врз основа на Одлуката на Собранието на акционери од 20.08.2018 година, заведена под бр.0201-75 од 21.08.2018 год, Собранието на Акционерското друштво на седницата одржана на ден 21.11. 2018 година, ја донесе следната

# О Д Л У К А
## за износот на дивиденда за една акција и утврдување на дивиденден календар

**Чл.1**

а)Согласно Одлуката за распределба на добивката по годишна сметка за деловната 2017 година , се утврдува износ на дивиденда за една акција да изнесува бруто износ од 354,5 денари по акција.
б)Согласно Одлуката за распределба на резерви над законски утврден износ како дивиденда на акционерите , се утврдува износ на дивиденда за една акција да изнесува бруто износ од 21,5 денари по акција.

**Вкупниот бруто износ на дивиденда по акција изнесува 376 денари .**

**Чл.2**

Датум на пресек на акционерската книга, како датум на евиденција според која се определува листата на акционери кои имаат право на дивиденда е
06. 12. 2018 година.

**Чл.3**

Последен ден на тргување со право на дивиденда е 04.12. 2018 година.

**Чл.4**

Прв ден на тргување без право на дивиденда е 05.12. 2018 година.

**Чл.5**

Исплатата на дивиденда на акционерите кои имаат право на дивиденда, ќе отпочне од датумот на пресекот утврден во чл. 2 од оваа Одлука, односно од 06.12.2018 година.

**Чл.6**

Оваа одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

Бул. III Македонска Бригада бб, 1000 Скопје, Република Македонија, тел.+389 (0)2 2462 412;
+ 389 (0)2 2463 560; факс.+389 (0)2 2464 622

**О б р а з л о ж е н и е:**

Врз основа на Одлуката на Собранието на акционери на АД Раде Кончар-Апаратна техника-Скопје, бр. 0201-75 од 21.08.2018 година донесена на презакажаното редовно годишно Собрание на акционери од 20.08.2018 година, со која се овластува Одборот на директори да изврши корекција на годишната сметка и финансиските извештаи за 2017 година со цел да износот од 189.662.518,00 денари, добиен по правосилна Пресуда на Апелациониот суд-Скопје ТСЖ бр.1736/17 од 07.12.2017 година и Пресудата на Врховниот суд на РМ Рев1 бр.51/2018 од 21.06.2018 година, се прикаже како приход во деловната 2017 година, па согласно законските прописи и Меѓународните сметководствени стандарди се утврди добивката, нејзината распределба согласно Законот и Статутот како и исплатата на дивиденда со утврдување на износот на дивиденда по акција и дивиденден календар, Одборот на директори на АД Раде Кончар-Апаратна техника-Скопје, спроведе корективни ставови во поглед на годишната сметка и финансиските извешаи за 2017 година и изврши повторно изготвување и одобрување на годишната сметка и финансиските извештаи за 2017 година,а кои се рефлектираат и на Одлуката за распределба на добивката, како и на Одлуката за износот на дивиденда за една акција и утврдувањето на дивиденден календар, како и распределбата на резервите која исто така има влијание во однос на утврдувањето на дивиденда за една акција .

Врз основа на наведеното се долучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**СОБРАНИЕ НА АД**
**Претседавач**